ФУСТЕЛАРКО БОРЕЦ®
Б И Т О Л А - Р. М А К Е Д О Н И Ј А

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

## Кон резултатите за период 01.01.2023-31.03.2023година

а) Во АД Фустеларко Борец Битола, сметководствените политики се применуваат конзистентно во текот на целата презентирана година, исто како и за претходниот период.

б) Во перидот 01.01.-31.03.2023 друштвото ги оствари следните резултати

во илјади ден

| | ПОЗИЦИИ | 2022 | 2023 | ИНДЕКС |
|---|---|---|---|---|
| | Приходи од продажба на домашен пазар | 53.092 | 47.522 | 89 |
| | Приходи од продажба на странски пазар | 11.971 | 31.779 | 265 |
| | ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА | 65.063 | 79.001 | 121 |
| | | | | |
| | ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ | 4.515 | 4.847 | 107 |
| | | | | |
| | БРУТО/НЕТО ДОБИВКА | 7.415 | 3.623 | 49 |

Во пресметковниот период приходите од продажба се зголемени за 21% споредбено со ланската година, а извоз учествува со 44.7% од реализацијата.

Финансиските приходи се зголемени за 7% во споредба со истиот период минатата година. Во овие приходи влегуваат приходите од државни поддршки и се однесуваат на рефундираните парични средства од државата по основ даноци и придонеси за вработување на инвалидни лица. Во овие приходи влегуваат и дополнителни одобренија од добавувачи, од наплатени штети, од вишоци по попис, приходи од продажба на материјални средства и приходи од донации.

Добивката за периодот е намалена за 51% споредбено со лани истиот период.

в) Во перидот 01.01.-31.03.23 друштвото ги направи следните расходи

во илјади ден

| | ПОЗИЦИИ | 2022 | 2023 | ИНДЕКС |
|---|---|---|---|---|
| | Набавна вредност на трговски стоки | 87 | 32 | 37 |
| | Трошоци за суровини и други материјали | 41.199 | 52.108 | 126 |
| | Услуги со карактер на материјални трошоци | 6.039 | 8.914 | 148 |
| | Останати трошоци од работењето | | | |
| | Трошоци за вработените | 15.381 | 16.909 | 110 |
| | Амортизација | 3.545 | 3.979 | 112 |
| | Вредносно усогласување (обезвреднување) на тековни средства | - | - | - |
| | Останати расходи од работењето | 77 | 84 | 109 |
| | ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ | 66.328 | 82.026 | 124 |
| | | | | |
| | ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ | 1.498 | 414 | 28 |
| | | | | |

Трошоците на производство односно оперативните расходи се зголемиле за 24% во пресметковниот период споредбено со претходниот, што компарира со приходите од продажба.

Финансиските расходи се расходи од годишни попусти-рабати, камати по кредити, курсни разлики и слични расходи.

г) Во 2023 година Друштвото ќе исплати дивиденда , доколку се одобри предлог одлуката на Собрание.

д) Во 2023 година повторно ќе се инвестира во машини за производство.

ѓ) Долгорочните обврски по кредити -околу 320.000еур за електричната централа и офет машина.

е) Во известувачкиот период планот се остварува со 85%, односно планирано е 530t произведен картон(картонска амбалажа), а преработено е 450t.

АД ФУСТЕЛАРКО БОРЕЦ БИТОЛА